Бранко ПАНОВ

# ОХРИД И ОХРИДСКАТА ОБЛАСТ ВО XIII—XIV ВЕК*

## 1.

Во 1202 година, само што го ликвидирала Византија независното феудално кнежевство на Добромир Хриз во Македонија, отпачнал Четвртиот крстоносен поход, кој сега бил директно насочен на градот Цариград. На 13 април 1204 година крстоносците ги совладале цариградските ѕидини и ја ликвидирале византиската држава. На местото на Византиската Империја била создадена новата Латинска Империја.

Територијата на Македонија, уште пред да падне Цариград под латинска власт, била изложена и на бугарски завладувања. Енергичниот бугарски владетел Калојан (1197—1207) во периодот од 1202—1204 година успеал да завладее еден добар дел од Македонија.[1]

Охридскиот крај заедно со другите југозападни македонски области исто така станал предмет на латински завладувања. Тие уште во 1204 година биле завладеани од крстоносците и приклучени во рамките на Солунското Латинско Кралство што го формирал Бонифацие Монфератски.[2]

Меѓутоа, само што Латинците ја наложиле својата власт во Цариград и југозападните македонски области биле изложени на бугарски завладувања. Бугарските завладувања особено биле засилени по битката кај Одрин на 14 април 1205 година, кога царот Калојан катострофално ја разбил војската на ла-

* Овој прилог претставува IV-то продолжение од истоимениот труд, објавен во Годишниот зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 4 (1978), стр. 119—137; кн. 5—6 (1979/80), стр. 137—159; кн. 10 (1983), стр. 65—110.

1 В. Н. Златарски, История на българската държава през средните векове, III. София 1972 (Фототипно издание), стр. 171 и сл.

2 Гръцки извори, за българската история VIII. София 1971, стр. 155, 262—263; сп.: Д. Ангелов, История на Византия, III. София 1967, стр. 4 и сл.; Г. Острогорски, Историја Византије Београд 1969, стр. 397.

тинскиот император Балдунин и кога и самиот тој паднал во бугарско ропство. По извојуваната победа, царот Калојан се спуштил во внатрешноста на Македонија и потчинил повеќе македонски градови и области. Тогаш бугарската власт била наложена и во Охрид, Меглен и други градови.[3]

Градот Охрид останал под бугарска власт околу две години. Во 1207 година царот Калојан се насочил против Солун, но не успеал да го освои. Загинал истата година во близината на овој град. По смртта на Калојан новиот бугарски владетел Борил (1207—1218) бил немоќен да им се спротистави на латинските војски. Во 1208 година Латинците повторно ја воспоставиле својата власт во Девол, Костур и други македонски градови.[4]

## 2.

По смртта на царот Калојан доста активни во Македонија станале и Србите. И тие како и Латинците ги користеле сите можни начини за проширување на своите владеења во Македонија.[5] Енергичниот владетел Стефан Првовенчани (1196—1223) особено бил на пат да ја реализира својата завојувачка политика кога на неговиот двор дошол прогонетиот Борилов „роднина" Стрез. Откако „благочестивиот голем жупан и самодржец Стефан" го примил „радосно", му подарил „многу коњи, луѓе и секакви потреби"[6] и на овој начин го помогнал да се затврди во градот Просек и тука да „ги проживее своите славни дни."[7]

Дејствувајќи „на запад" од српската држава, Стрез успеал да го „оддели" со помошта на српскиот владетел Стефан Првовенчани „половината од бугарското царство".[8] Во рамките на Стрезовото независно феудално кнежевство биле вклучени сите оние македонски градови кои царот Калојан ги нашол како „пусти и беспомошни". Тогаш, се вели во Теодосиевата биографија на Сава, Бугарите ги зазеле „градовите околу Солун, држејќи го и градот Охрид во свои раце"[9]. Ползувајќи ја од

---

[3] Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, София 1924, стр. 94 и бел. 1.

[4] Ibid., 97—98.

[5] М. Башић, Старе српске биографије. Београд 1924, стр. 40 и сл.; Љ. Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, I. Скопје 1975, стр. 123—124.

[6] Й Иванов, Български старини из Македония, София 1970 (фототипно издание) стр. 475—476; М. Башић, Старе српске биографије, стр. 159 и сл.; Љ. Љапе, Одбрани текстови, I, стр. 125 и сл.

[7] М. Башић, Старе српске биографије, стр. 63 и сл. Љ. Лапе, ц. д., 124. Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I стр. 97.

[8] М. Башић, ц. д., стр. 63—65; Љ. Лапе, ц. д., 124.

[9] Й Иванов, Български старини из Македония, стр. 476.

почетокот српската помош, Стрез којшто бил „прочуен со своето јунаштво“, ги привлекол на своја страна „некои од загорските властели, што ги држеа тогаш овие градови“, така што тие без отпор ги предале „своите градови“.[10] На овој начин, со сила или преку предавство, Стрез успеал да вклучи во рамикте на своето феудално кнежевство голем број македонски градови, меѓу кои бил и градот Охрид. Границите на Стрезовото феудално кнежевство опфаќале голем дел од епархиите кои влегувале во диоцезот на Охридската архиепископија. На овој начин, за време на владеењето на Стрез, Охридската архиепископија почнала да игра слична улога како и во времето на Самуил.[11]

Меѓутоа, само неколку години по осамостојувањето и затврдувањето на Стрез во Просек, тој ја напуштил српската страна и се зближил со непријателите на Србија (Бугарите, Епирците и Латинците). Всушност, Стрез дејствувал ту на едната ту на другата балканска страна со цел да го зачува своето владеење. На овој начин-пишува Доментиан — Стрез „дигна против него (Стефан Првовенчани) голема војна.“[12] Истото тоа го кажува и самиот Стефан Првовенчани во биографијата на својот татко Стефан Немања: „(Стрез) се одметна од мене, заборави на оној што го издигна. Наговорен од ѓаволот, се одврза и крена буна на мене и почна да се готви да ми врати зло за добро и да ми напакости и мене и на татковината моја“.[13]

Слична политика водел Стрез и спрема другите балкански држави. Така, латинскиот цариградски император Хенрих II во едно писмо соопштува дека Стрез и епирскиот деспот Михаило I „иако му дале заклетва за верност“ и тоа Михаило I четири пати, а Стрез три пати, сепак во 1210 година меѓу него и овие двајца владетели продолжиле непријателствата.[14] Наскоро потоа Стрез морал да војува и против здружената латинско-епирска војска. Во 1212 година латинско епирската војска се упатила по реката Вардар кон Просек и успеала во Пелагониската рамнина да му нанесе тежок пораз на Стрез.[15]

Од 1213 година Стрез целосно поминал на страната на сојузниците Латинци, Бугари и Епирци. Акциите на сојузничките војски сега биле насочени кои завладување на српските територии. Поради учеството на Стрез во војната против Србија која започнала во 1214 година, против него бил организиран заговор, од страна на српскиот двор подготвен од братот на

---

[10] Ibidem.

[11] Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, стр. 97—98.

[12] В. Н. Златарски. История, III, стр. 288—289.

[13] М Башић, ц. д., стр. 63—65; Љ. Лапе, ц. д., 124.

[14] В. Н. Златарски, История, III, стр. 290 и бел. 4.

[15] Ibid., 307.

Стефан Првовенчани, архимандритот Сава. По неуспешните дипломатски разговори меѓу Стрез и Сава во Просек, Стрез бил убиен на неразјаснет начин во 1214 или 1215 година.[16]

Веднаш по убиството на Стрез било ликвидирано неговото феудално кнежевство. Новиот епирски владетел Тодор Комнин (1215—1230) продрел во внатрешноста на Македонија и приклучил во рамките на својата држава голем дел од македонските градови, меѓу кои биле и Просек, Прилеп и Охрид.[17]

## 3.

Територијата на ликвидираната Византиска Империја во 1204 година не била целосно завладеана од крстоносците. Уште во првите години на латинското владеење дошло до формирање на три грчки држави: Трапезунтската Империја покрај Црноморското крајбрежје, Никејската Империја во Мала Азија и Епирската деспотовина на Балканот. Двете последни грчки држави на место да ги обединат своите сили за заедничко дејствување против Латинската Империја, меѓусебно се бореле за престиж на Балканот и се обвинувале околу законското наследство на византиските императори.[18]

Епирската држава во чијшто состав била вклучена од почетокот Македонија, била изградена нешто слично како и Византиската Империја.[19] По отстранувањето на латинската власт од Солун 1224 година, епирскиот владетел Тодор Комнин почнал да се носи со мислата дека тој е повикан да ја ликвидира Латинската Империја и да го заземе местото на византиските императори во Цариград. Водејќи се од таквата замисла, Тодор Комнин само што „потчинил многу ромејска земја од оние кои ги зазеле Италијците, а исто така и од оние кои ги потчиниле Бугарите“, облекол „пурпур и обул црвени чевли“. Со тоа тој се прогласил за император. Крунисувањето било извршено во Охрид од страна на тогашниот архиепископ Димитрија Хоматијан (1216—1235). Ставајќи му ја „царската дијадема“, архиепископот Димитрија Хоматијан се изјаснил дека е „независен и не е должен да му поднесува никому отчет, и затоа имал право да посветува за цареви кога и кого ќе си посака“. По прогласувањето за император, Тодор Комнин почнал да по-

---

16 Љ. Лапе, ц. д., стр. 126; В. Н. Златарски, История, III, стр. 310—318.

17 В. Н. Златарски, История, III, стр. 321; Б. Ферјанчић, Тесалија у XIII и XIV веку. Београд. 1974, стр. 43.

18 Д Ангелов, История на Византия, III, стр. 13 и сл.; История Византии т. 3. Москва 1967, стр. 29 и сл.; Г. Острогорски, Историја Византије, стр. 399 и сл.

19 Д. Ангелов, История на Византия, III, стр. 22.

стапува „по царски-назначил деспоти, велики севастократори и доместици, протовестиари и целиот останат царски чин". Прогласувањето на Тодор Комнин за император било веднаш оспорено од страна на никејскиот император Јован III Дука Ватац (1222—1254), кој се сметал за законски наследник на византиските императори.[20]

Никејскиот патријарх Герман II исто така жестоко реагирал против постапката на архиепископот Димитрија Хоматијан. Во испратеното писмо до него, меѓу другото, тој му ги поставил и овие прашања: „. . . Од какви отци ти си го наследил правото за венчавање? Кога архипастирот на Охрид протегнал патријаршиска рака и возвеличел царувачка глава?"[21] Како одговор на писмото на патријархот Герман, архиепископот Димитрија Хоматијан му испратил долго писмо во кое образложено му ги изнел своите права да посветува цареви. „Ако сакаш да знаеш како нашиот престол добил сила да посветува цареви, тогаш не ќе се забавиме да кажаме и за тоа . . . Великиот ромејски цар и славен Јустинијан . . . откако ги утврдил претседателските и потпретседателските места на најстарите и велики иерарси и откако го нарекол прв меѓу сите свештеници светејшиот папа на стариот Рим, потоа втор по него го нарекол блажениот цариградски, а веднаш по него го споменува архиепископскиот престол на Бугарија. Него го нарекува Јустинијановски, бидејќи оттаму го водел родот си . . ."[22]

Со својата решителна борба против интервенциите на патријархот Герман, архиепископот Хоматијан уште повеќе стекнал доверба и почит кај императорот Тодор Комнин. Во овој период Охридската архиепископија за првпат по ликвидирањето на Самуиловото царство добила „господаречка положба во државата, во која што влегувала", т.е. Епирската држава. Охридската црква сега станала главна во Епирското Царство, коешто се протегало на голема територија на Балканот. Охридскиот црковен синод се здобил со ред судски права.[23]

Во документите на Охридската архиепископија од овој период се наоѓат богати податоци кои говорат за големиот број

---

[20] Гръцки извори, VIII, стр. 158; сп.: Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, стр. 111 и сл.

[21] Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, стр. 116—117.

[22] Ibid., 118—124, Под називот „Бугарија" овде се подразбира Македонија. Сп. за такви и слични примери: С. Антољак, Самуиловата држава. Скопје 1969, стр. 120, бел. *; Б. Панов, За етногенезата на македонскиот народ. — Гласник на Инст. за нац. историја, XVI/3. Скопје 1972, стр. 88 и сл.

[23] Ibid., 127—128; сп.: Б. Ферјанчиђ, Тесалија у XIII и XIV веку, стр. 50, 70.

судски дела кои ги разрешувал Охридскиот црковен синод, раководен од архиепископот Димитрија Хоматијан. Во синодалните акти на Архиепископијата се говори дека во Охрид доаѓале да барат судска заштита луѓе од сите краишта на Епирската држава. Од Македонија најмногу се суделе луѓе од градот Охрид и од околните села: Власто, Ели, Езерјани, Роби, Мокро и др.[24] Инаку, од еден сочуван документ Д. Ангелов утврдил дека селаните од Охридско, кои побарале судска заштита од архиепископот Хоматијан, главно „биле Македонци, со исклучок само на двајца грчки чиновници (ʼαρχοντεζ) Цакин и Мануил Комитопул, кои, исто, се појавиле како сведоци при процесот", а што се гледа и од нивните лични и фамилијарни имиња, кои во повеќето случаи биле типично словенски називи: Братан, Борислав, Болеслав, Болеслава, Владимир, Верота, В'лкан, Грдју, Добри, Добресин, Боброслав, Драгомир, Десислав, Драган, Дража, Красна, Курица, Литовој, Милју, Мирослава, Обрада, Продан, Прево, Радо, Радослав, Стана, Стано, Слава, Слав, Тихомир, Черникоса и др.[25]

Дека архиепископот Димитрија Хоматијан живеел во Охрид меѓу туѓинци (παραχρονζω βαραʼαροις) и дека истиот се чувствувал варварин", се изјаснил и во писмото од Керкирскиот митрополит Василиј Педиадит.[26] Освен тоа, во еден од документите на Охридската архиепископија, бр. 72, дури изрично се нагласува дека жителот на с. Власто (Охридско) Иоан Иеракар бил по род Македонец(το δε γενος ελκων εκ Μακεδσνων)[27] Инаку, врз база на податоците од актите на Охридската архиепископија се утврдува дека во XIII век во многународносната Епирска држава по Грците, на второ место доаѓале по својот број Македонците.[28] Социјалниот состав на населението на Епирската држава, исто така, бил различен. Од синодалните акти на Охридската архиепископија се дознава дека во Македонија тогаш се уште егзистирале голем број слободни селани, коишто биле сопственици на имоти и кои како такви директно ги доставувале своите давачки за државата на даночните

---

[24] Д. Ангелов, Принос към народностните и поземлени отношения в Македония (Епирски деспотат) през първата половина на XIII в. — Известия на Камарата на народна култура, серия „Хуманитарни науки", т. IV, 3. София 1947, стр. 11 и сл.

[25] Ibid., 12; сп.: Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, 250.

[26] Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, стр. 95—96, бел. 1.; 97.

[27] J. B. Pitra, Analecta sacra et classica Specilegio Solesmensi parata, t. VI. Juris ecclesiastici Graecorum selecta paralipomena. Parissis et Romae 1891, col. 315.

[28] Д. Ангелов, Принос..., стр. 11—12 и сл.; 43.

чиновници. Таквите селани живееле во слободни селски општини, кои инаку, имале извесна внатрешна самоуправа. Такви општини биле и охридските села Власто, Роби, Ели, Езерјани, Ракита, Грнчари и др.[29]

Освен слободни селани во разгледуваниот период во Охридската област имало и феудалнозависни луѓе од кои и сега најбројни биле парициите и клирициите. И во овој период разорувањето на слободното селанство и неговото потпаѓање под зависност на световни и црковни феудалци, најмногу се должело на тешките даночни обврски. Од актите на Охридската архиепископија може да се види дека еден селанец од с. Роби (Охридско), по име В'лкан, кој располагал со свое лозје во с. Власто, „притиснат од даноците" бил принуден заедно со својата сопруга Марија да го напушти своето родно село и да бара основна егзистенција за живот во с. Гранчари. Со тоа нивните имоти во селата Роби и Власто биле оставени да ги заграбат други, зашто нивните наследници морале да го продадат и споменатото лозје. За сличен пример се говори и во еден друг документ на Охридската архиепископија, кој се однесува на жители од градот Охрид. Имено, поради деночни обврски и епитропите на малолетното сираче Иван, син на свештеникот Иван Тихотич, биле принудени да го продадат неговото лозје. Притоа епитропите извршиле симулативна продажба на лозјето, кога, за да го измамат државниот даночен чиновник (ο πρακτωρ) лозјето го размениле за друг имот.[30]

Податоците од актите на Охридската архиепископија говораг и за регрутирање на дел од селанството од охридскиот крај во редовите на епирската војска. Притоа особено станува збор за обични војници — стратиоти. Таков стратиот кој служел во епирската армија бил и Радо од с. Мокро (Охридско), чијашто жена Слава го изневерила додека тој бил отсутен. Ист ккао него бил и стратиотот Радо од градот Преспа, кој ја обвинил пред Охридскиот синод својата жена Зоја за изневера и побарал развод на бракот.[31]

Во актите на Охридската архиепископија се наоѓаат и значајни податоци за жителите на Охрид и другите соседни гратчиња. Посебно значење имаат оние податоци кои говорат дека во градовите живееле доста граѓани кои располагале со свои сопствени имоти. Таков, на пример, бил охриѓанецот Иван Тихотич (Τειχωτιτζης) кој располагал со свои имоти како во самиот град (εν τη περιοχη του καστρου) така и во околината

[29] Ibid., 21—22; сп.: Б. Ферјанчић, Тесалија у XIII и XIV веку, стр. 81 и сл.

[30] Д. Ангелов, Принос . . ., стр. 34—35.

[31] Ibid., 31.

(εν τη χωρα); едно лозје имал и во Вризис ( Βρυσις ). Слично како него и друг еден охриѓанец има лозје во месноста Сушича ( Σοισιτζα ).[32] Во епирската држава, која во воено-административен поглед била поделена слично како и бившата византиска држава, на теми, градот Охрид освен за црковен центар важел и за голем воено-административен центар. Секако, и во овој период, Охрид бил седиште на тема, зашто од современите извори се дознава дека тогаш на територијата на Епирската држава постоеле поголем број теми, меѓу кои биле и темите Скопје, Драма, Дебар, Молиск и др.[33]

Епирскиот владетел Тодор Комнин бил посебно дарежлив кон Охридската црква. Меѓу другото, нејзе тој ѝ подарил и една икона на спасителот, на која бил напишан следниов текст: Ο σαρυα λαβων απειρανδρου κορης αρ αστοις, Ο θεου πατρος χογε, δοζε το δωρον εκ θεοδωρου τοδε Κομνηνοδουκα και Δουκαινης Μαριας Κομνηνορυιους καλης συζυγιας, ’αντιδου δε ψυχικην τωτιριαν, ην νυν ορωμεν π οκειμενην εις εστιασιν καν πασιν παρ αζιαν.

Како противтеза, пак, на издигнувањето на Охридската црква, никејскиот патријарх Мануил ја спротиставил новоснованата, 1219 година, Српска автокефална архиепископија, на чело со Сава. Со осамостојувањето на Српската црвка, Охридската архиепископија ги загубила епархиите Рашка, Призренска, Липенијска и Сремска.[35]

4.

Од самиот почеток на 30-те години на XIII век, меѓусебните борби меѓу Епир и Некеја биле искористени од бугарскиот цар Иван Асен II (1218—1241) за проширување на својата држава за сметка на Епирската држава. По нанесувањето тежок пораз на епирската војска во битката кај Клокотница 1230 година, кога бил заробен и императорот Тодор Комнин, бугарските војски продреле во внатрешноста на Балканот и ги потчиниле Македонија без Солун, денешна Албанија, Тесалија и Епир. Со тоа Епирската држава не била наполно ликвидирана; царот Иван Асен II допуштил Мануил Комнин, брат на Тодор Комнин, да создаде една полунезависна државичка —

[32] Ibid., 25.

[33] Д. Ангелов, К вопросу о правителях в Эпирском деспотате и Никейской империи, — Byzantinoslavica, XII, 1951, стр. 61 и сл.

[34] Г. Баласчев, Из древностите в Охрид. — Народни права, бр. 141 (1916); Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, стр. 129.

[35] Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, стр. 135—141.

Солунското деспотство, во чиишто рамки биле вклучени Епир, Тесалија и Јужна Македонија заедно со Солун. Но, оваа грчка држава сега играла второстепена улога.[36]

Градот Охрид како и поголемиот број други македонски градови, останале и натаму под бугарска власт. За тоа говорат и вестите од грамотата на Иван Асен II дадена на Дубровчаните во 1230 година. Имено, во неа се вели дека царот Иван Асен II им дозволил на Дубровчаните „да одат по целото царство“ за да „си купуваат и продаваат без грижа“. Притоа, меѓу другите области кои влегле тогаш во рамките на бугарската држава, биле и Скопската, Прилепската, Деволската, градот Солун, како и Арбанската земја.[37] Тоа пак јасно говори дека и Охридската област тогаш била освоена од Бугарите.

Дека бугарскиот цар Иван Асен II по победата кај Клокотница ја зазел „целата земја од Одрин до Драч“ (Ꙗ земѧ всѧ прѣѩх(ъ) ѿ Одрина и до Драчѣ се вели и во Трновскиот натпис на Иван Асен II во црквата Св. 40 маченици.[38]

Инаку, Охридската архиепископија, иако го имала во овој период сè уште на чело архиепископот Димитрија Хоматијан, изгубила доста од својот престиж.[39]

Во охридскиот крај за време на краткотрајното бугарско владеење одново дошла до израз словенската писменост, а што се гледа и од т.н. Болонски псалтир, во кој се вели: „Спомни ги господи, твоите робје Јосифа, Тихота, што ја напишаа оваа книга со помошта на бога и на светата приснодева богородица Марија. Се напиша во град Охрид, во селото наречено Равне, при (владеењето на) бугарскиот цар Асен“ (Писаш же сѧ въ Ѡхридѣ градѣ въ селѣ рекомыимь Равне при црн Асѣни Блъгаръскъимъ)[40].

По смртта на царот Иван Асен II, во времето кога „бугарската држава се управувала од дете“, т.е. од Калиман (1241—1246), ги започнал своите завладувачки походи кон Македонија и никејскиот император Јован III Дука Ватац. Во 1242 година кренувајќи се „од Исток“ тој најпрвин се насочил против солунскиот владетел Јован Ангел (1240—1244), којшто владеел како „император во Солун“. По опсадата на Солун, деспотот Јован бил принуден да положи заклетва пред Јован III

---

[36] Гръцки извори, VIII, стр. 162; Д. Ангелов, История на Византия, III, стр. 24—25; Б. Ферјанчиќ, Тесалија у XIII и XIV веку, стр. 54.

[37] Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 577; сп.: В. Н. Златарски, История, III, стр. 352; С. Лишев, Българският средновековен град София 1970, стр. 129.

[38] В. Н. Златарски, История, III, стр. 592—593; Б. Ферјанчиќ, Тесалија, 54.

[39] Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, стр. 141 и сл.

[40] Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 51.

Дука Ватац и да ги симне „царските знаци". Веднаш потоа, откако никејскиот император го удостоил Јован Ангел со титулата деспот, се вратил на Исток.[41]

Во 1246 година императорот Јован III Дука Ватац повторно се упатил со голема војска кон внатрешноста на Балканот. По приклучувањето на Солунското деспотство во рамките на Никејската Империја, никејскиот владетел продрел во Македонија и ги потчинил градовите Скопје, Велбужд, Велес, Просек и др. места.[42] Земјите, пак, кои се наоѓале „на запад од Платамон, како и земјите околу Пелагонија, Охрид и Прилеп" биле под власта на епирскиот деспот Михаило II Ангел.[43]

Во 1252 година императорот Јован III Ватац презел нова голема офанзива за реализирање на своите завладувачки планови на Балканот. На удари сега пак биле изложени епирските владенија. Немоќен да им се спротивстави на Никејците, деспотот Михаило II Ангел бил принуден да започне преговори за мир. По склучувањето на мировниот договор, епирскиот владетел бил принуден да им ги отстапи на Никејците тврдините Прилеп, Велес и Кроја.[44] Во оваа година, всушност, цела Македонија, како и дел од Албанија, биле вклучени во рамките на Никејската Империја.[45] По склучувањето на мировниот договор, императорот Јован III Ватац, откако презимил во Воден, пролетта „со мала војска" заминал да направи „преглед на тукушто присоединетите кон него земји". Тогаш тој го посетил и Охрид.[46]

Меѓутоа, мирните односи меѓу Епир и Никеја биле со краток век. За време на владеењето на новиот никејски владетел Тодор II Ласкарис (1254—1258), епирскиот деспот Михаило II Ангел ја обновил војната со Никеја, со цел да си ги поврати изгубените владенија. Неговиот пример го следеле и Бугарите. Откако никејскиот император успеал да ги истисне Бугарите и Епирците од освоените македонски градови се вратил на Исток со „целата ромејска војска". Пред да ја напушти Македонија, во Солун и „во западните делови" го оставил да владее својот роднина Михаило Ласкарис. Во Прилеп и околината, пак, го оставил да владее скутариј Ксилеј, а во Велес и околината Тодор Калампак. Албанон му го отстапил на војсководецот Константин Хаварон. Над сите нив го поставил преторот Георги Акрополит.[47]

---

[41] Гръцки извори, VIII, стр. 170—172.
[42] Ibid., 176.
[43] Ibid., 179.
[44] Ibid. 181; сп.: Б. Ферјанчиќ, Тесалија, стр. 58—59.
[45] Д. Ангелов, История на Византия, III, стр. 28—29.
[46] Гръцки извори, VIII, стр. 181—182.
[47] Ibid., 198; сп.: В. Н. Златарски, История, III, стр. 481.

По заминувањето на императорот Тодор II Ласкарис на Исток, преторот Георги Акрополит направил една подолга обиколка на градовите во Македонија и Албанија кои му биле доверени да ги контролира. Притоа, од Солун преку Воден заминал за Албанон. За време на оваа обиколка Акрополит ги посетил и „околностите на Охрид". При враќањето од Драч, тој ја примил веста за кренатото востание во Албанија на чело со деспотот Михаило II Ангел. Откако Георги Акрополит ги известил своите потчинети војсководци Михаило Ласкарис и Ксилеј да заминат со своите војски кон Пелагонија и да се „расположат на логор во пелагониските земји", зашто ова место било „погодно за битка со деспотот Михаило и со Србите... зашто и тие се сојузиле со Михаило", преторот Акрополит „со прилична послуга" заминал во Охрид. Од овој град требало да дејствува во средувањето на „албанските работи". Во врска со тоа „претходно го испратил во Албанон царскиот столоначалник Исак Нестонг, со инструкција која ги содржела „границите на неговата власт". Веднаш по заминувањето на Исак Нестонг, за Албанон се упатил и преторот Акрополит за да ја уреди таа земја и да „дознае што направил царскиот столоначалник". Кога пристигнал во Албанон тој го повлекол столоначалникот Нестонг, „зашто албанскиот народ беше испреварил и беше го извршил востанието". Притоа сите се присоединиле кон отцепникот Михаило II. Георги Акрополит откако видел дека сѐ се измешало, се кренал од Дебар, каде што бил опсаден од непријателите и со неколкумина од прислужниците се упатил кон Охрид. Во овој град го оставил столоначалникот „да ја чува тврдината", а потоа откако ја преминал Преспа се доближил до Прилеп. Притоа му се сторило како да „пристигнал во тивко пристаниште". Меѓутоа, бунтовникот Михаило II, кој за кратко време успеал да ги освои „околните места и тврдини", побрзал да го потчини и Прилеп. Иако го нападнал градот со „целата војска", тој бил одбиен, зашто Прилеп бил добро „утврден и не било лесно да се заземе". По неуспешниот обид да го заземе Прилеп, Михаило II се повлекол со својата војска во „околните места".[48]

Императорот Тодор II Ласкарис, откако бил известен за востанието на деспотот Михаило II Ангел и за тоа дека на негова страна дејствувале како сојузници српскиот крал Урош, сицилијанскиот и италиански крал Манфред и владетелот на кнежевството Мореја Вилхелм Вилардуен[49], веднаш испратил голема војска на чело со Михаило Палеолог. Меѓутоа, додека

[48] Гръцки извори, VIII, стр. 198—200.

[49] Д. Ангелов, История на Византия, III, стр. 42—43; Б. Ферјанчић, Тесалија, стр. 60—61.

уште никејската војска дејствувала кај Верија (Бер), српската војска 1258 година продрела во „ромејските земји". Притоа, откако Србите го поминале Кичево почнале да ги пљачкосуваат околностите на Прилеп.[50]

Во екот на овие настани умрел никејскиот владетел Тодор II Ласкарис. Само кратко време потоа бил отстранет од власта и неговиот малолетен син Јован IV. На власт во Никеја дошол прославениот војсководач Михаило VIII Палеолог (1259—1282). Додека се стабилизирал на престолот Михаило VIII, епирскиот владетел Михаило II Ангел успеал да ја наложи својата власт „на Запад дури до реката Наксиос (Аксиос), која што народот ја нарекува и Вардар". Притоа „безгрижно" почнал да ги владее освоените гратчиња и тврдини.[51]

Градот Охрид бил предаден доброволно од столоначалникот Исак Нестонг, кого што преторот Георги Акрополит го поставил „за управител".[52]

Новиот никејски император Михаило VIII Палеолог само што се затврдил на власт, го испратил да војува против епирскиот владетел Михаило II и неговите сојузници својот брат, севастократорот Јован· За кратко време тој успеал да поврати повеќе македонски градови. Градот Охрид бил преземен откако севастократорот Јован таму довлечкал „воени машини", а архиепископот Константин Кавасила ги поканил бранителите да се предадат. По заземањето на Охрид, Преспа и другите околни градови и тврдини, во јуни 1259 година дошло и до битката кај Пелагонија (Битола). Во оваа одлучувачка битка, сојузничката војска била катастрофално поразена. Притоа бил заробен и Вилхелм Вилардуен. По претрпениот пораз Србите се повлекле од Македонија, а Епирците ја изгубиле дури и својата престолнина Арта. Но и покрај тоа Епирската држава не била наполно ликвидирана.[53]

Наскоро по воспоставената доминација на Никеја на Балканот била отстранета, во 1261 година, и латинската власт од Цариград и одново обновена Византиската империја.

## 5.

Само што ја обновил Византиската империја, Михаило VIII Палеолог морал да војува против Бугарите кои почнале

---

[50] Гръцки извори, VIII, стр. 201.

[51] Ibid., 205.

[52] Ibid., 204.

[53] Ibid., 207—208; сп.: Д. Ангелов, История на Византия, III, стр. 43; Б. Ферјанчић, Тесалија, стр. 61; М. Живојиновић, О Јовану Палеологу, брату Михаила VIII. — Зборник Филозофског факултета, XIV/1 — Београд 1979, стр. 105.

да продираат во Македонија. Имено, кон срдината на 1262 година бугарскиот цар Константин Тих (1257—1277), откако се договорил со епирскиот деспот Михаило II, ја обновил војната со Византија и продрел во македонските територии. Притоа, под бугарска власт паднале Скопската област[54], Полог, Поречието и Прилепската област.[55] Бугарските продори во Македонија секако биле овозможени и од засилувањето на антивизантиската коалиција, која ја предводел Карло Анжујски, владетелот на Сицилија и Јужна Италија. Носејќи се со идејата да ја обнови одново Латинската Империја, во Србија и Бугарија нашол сојузници во реализирањето на својата политика.[56]

За да ја ослабне и разбие коалицијата, императорот Михаило VIII Пелеолог почнал да врши политичко-дипломатски притисок на Србија и Бугарија. Притоа била засегната и автокефалноста на нивните цркви. Во 1272 година византискиот император издал една грамота на охридскиот архиепископ, со која му дал за право да ги поврати во својот диоцез одземените епархии од српската и бугарската црква, т.е. охридскиот архиепископ можел да ги прибере сите оние епархии кои влегувале во рамките на неговата црква 1020 година. Преку овој акт, Михаило VIII всушност сакал да ја ликвидира независноста на Трновската и Српската црква. Таквата византиска политика особено дошла до израз на соборот во Лион 1274 година, кога била склучена црковна унија меѓу Рим и Цариград. На Лионскиот собор, византиските претставници предводени од Георги Акрополит, истапиле со следнава аргументација против автокефалноста на двете цркви:

„Србија и Загора (Бугарија) се здобиле со автокефални цркви без согласност на римскиот првосвештеник. Тоа станало по заземањето на Цариград од Латинците. Тогаш Бугарите и Србите се здружија со Грците за да ги гонат Латинците. За та цел тие народи се здружија, правеа и свадби меѓу себе и со тоа заеднички се договорија да направат во Србија автокефално архиепископство, а во Бугарија — патријаршија. Тоа е направено против каноните и обичаите на црквата, за-

---

54 Константин Тих до пронласувањето за бугарски цар бил управител на Скопската област. Тој, инаку, немал никакви врски со родот на Асеновци. Вид. за тоа: В. Н. Златарски, История, III, стр. 474—475 и бел. 2; Д. Ангелов, Аграрните отношения в Северна и Средна Македония през XIV век. София 1958, стр. 16.

55 В. Н. Златарски, История, III, стр. 503; Д. Ангелов, Аграрните отношения стр. 16.

56 Г. Острогорски, Историја Византије, стр. 426; Д. Ангелов, История на Византия, III, стр. 45 и сл.

што без волјата на римскиот престол не може да се поставува ниту патријарх, ниту пак друго некое црковно достоинство да се дава". Притоа византиските претставници отишле дотаму градот Охрид да го изравнат со Јустиниана Прима, а што не одговарало на историската вистина.[57]

Иако склучената црковна унија во Лион не била остварена на дело[58], Византија продолжила да ја фаворизира Охридската архиепископија. Како и порано, и во овој период Охридската црква требало да служи како главна потпора на византиските императори во наложувањето на нивната власт во Македонија и другите соседни земји.[59] Затоа оваа црква била удостојувана со ред привилегии и подароци. Трескавечкиот манастир во Прилепско, на пример, бил удостоен со ред подароци од Михаило VIII, а што се гледа и од зачуваниот натпис над западната манастирска врата: (ΜιΧαηλ) παντοκρατωρ Ρωμαινω Κομνηνος ο Παλαιολογος[60]. Примерот на императорот Михаило VIII го следеле и другите негови наследници. Така, Андроник II Палеолог (1282—1328) на молба од Охридскиот архиепископ издал хрисовул со кој ги ограничил самоволијата на државните даночни чиновници врз органите на црквата.[61]

Колку нараснал угледот на Охридската црква во времето на Палеолозите, се гледа и од тоа, што императорот Андроник II Палеолог го ангажирал охридскиот архиепископ Григориј заедно со 24 други негови соработници да посредува меѓу него и внукот му Андроник Млади во склучувањето на примирјето.[62] Заради таквите и слични услуги, Охридската црква Андроник II ја удостоил со повеќе подароци· Меѓу другото тој ѝ подарил и една плаштаница, навезена врз тенка свила со злато, сребро и свила.[63] Неговиот зет, пак, војсководецот

---

[57] Поопширно за тоа, види: Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, стр. 157—159; В. Н. Златарски, История, III, стр. 530—533; Р. Љубинковић, Традиције Приме Јустинијане у титулатури охридских архиепископа. — Старинар, XVII — 1966. Изд. Археолошки институт, Београд 1967, стр. 61—75.; Ц. Грозданов Охрид и Охридската архиепископија во XIV век — Историја, XVI/1. Скопје 1980, стр. 160 и сл.

[58] История Византии, 3, стр. 83 и сл.

[59] Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, стр. 161.

[60] Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 67; Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, стр. 159.

[61] Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, стр. 159.

[62] Ibid., 160.

[63] Ibidem; сп. и Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископија, 162.

Прогон Сгур во Охрид 1295 година ја изградил црквата Св. Богородица Перивлепта.[64]

Со таквата своја политика, византиските императори, всушност, оделе кон тоа и преку црквата да дејствуваат во зачувувањето на своите владенија во Македонија, зашто тие од 80-те години на XIII век биле изложени на постојани српски завладувања.

Уште пред да дојде на власт Андроник II Палеолог, Византија морала да се соочи со српската опасност на Балканот. Во 1282 година, агресивниот српски крал Милутин (1282—1321), поддржуван од крупните српски феудалци, продрел во македонските владенија на Византија. Архиепископот Данило соопштува, дека кралот Милутин уште во почетокот на своето владеење продрел во „грчкото царство" и притоа ги зазел „двата Полога со нивните градови и со областа и славниот град Скопје, потоа Овче Поле, Злетово и Пијанец".[65]

Кон крајот на 1283 година, кралот Милутин, заедно со постариот брат Драгутин, навлегле длабоко во Македонија и притоа ги ограбиле и ги опустошиле областите по реката Струма сè до Крстопол (Кавала). При повлекувањето, Милутин ги завладеал „дебарската земја со сите градови и нивните држави, исто така и државата на кичевската земја со градовите и нивната област; исто така поречката земја со градовите и нивната област".[66] На тој начин, во 1284 година византиско-српската граница била воспоставена по линијата над градовите Струмица, Просек, Прилеп и Охрид.[67]

Српските завладувања во Македонија продолжиле и во XIV век. Во првата деценија на XIV век на Запад одново оживеала идејата за обновување на Латинската Империја. Главниот иницијатор на оваа идеја бил принцот Карло Валоа, брат на францускиот крал Филип IV Убавиот. На францускиот двор бил изработен проект во кој било предвидено и склучување брак меѓу Карло Валоа и Екатерина де Куртене, внуката на

---

[64] Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 38—39; сп.: Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, стр. 160. На истата црква ѝ била подарена и плаштаница на која бил испишан и натписот: Λωρον ο κλεινος μεγας, εταιρειαρΧης τυπου σης σταυρωσεως ανατυποσοι εκ της δοκουσης ταχα τημιας υλης συν Ευδοκια τη ομοζυγω, λογε, ουδ η Κομνηνη μητροπαππατροθεν ινα λυσιν λαβωμεν αμπλακηματων (Прогон Сгур) познат велик стерарх, заедно со сопругата Евдокија, којашто по мајка е Комнина, татко и дедо, ти го отпечатувам како дар, о Слове отпечаток на Твојот развиток врз божем скапата што изгледа материја, за да добијам опроштај за грешките) (Ив. Снегаров, ц. д., 160—161).

[65] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, I. Скопје 1981, стр. 124.

[66] Ibidem; сп. Б. Ферјанчиħ, Византија и Јужни Словени. Београд 1966, стр. 86.

[67] История Византии, 3, стр. 89.

императорот Балдуин II, која ја носела титулата „константинополска императорка". Со поддршка на папата Бонифацие VIII бракот меѓу Карло Валоа и Екатерина де Куртене бил официјално склучен. Со тоа Карло Валоа почнал да се смета на Запад за законски претендент на византискиот престол. Тој дури почнал да се потпишува како „константинополски император".

Во реализирањето на планот на Карло Валоа бил вовлечен и кралот Милутин. Меѓу нив двајцата дури бил склучен договор, според кој Милутин требало да ги освои областите околу Прилеп, Просек, Кичево, Охрид, Дебар сѐ до реката Мат во Албанија. Меѓутоа, договорот не бил реализиран, зашто во 1310 година Венеција склучила примирје со Византија, а три години подоцна и Милутин ги подобрил односите со Византија, кога ѝ дал дури и воена помош.[68] Со тоа Охрид и натаму останал под византиска власт.

## 6.

Од 20-те години на XIV век во Византија зачестиле внатрешните борби за власт. Против императорот Андроник II се кренал неговиот внук Андроник Млади, кој на своја страна ги придобил Јован Кантакузин, голем тракијски феудалец и доместик, потоа Тодор Синадин, намесник на Западна Македонија, како и доместикот на Запад Алексеј Апокавк. Наскоро оваа меѓусебна борба за власт се претворила во отворена граѓанска војна.[69]

Во династичките борби меѓу двајцата Андрониковци била вмешана и Охридската црква. Притоа, таа играла помирувачка улога. Да биде ангажирана Охридската црква во измирувањето на Андроник II и Андроник Млади, главната причина била таа што цариградскиот патријарх Герасим се ставил на страната на Андроник Млади.[70] Немајќи доверба во патријархот Герасим, императорот Андроник II го ангажирал во водењето преговори за склучување примирје со внук му Андроник Млади, охридскиот архиепископ Григориј. Откако последниот се ставил на чело на 24-члена делегација (во која учествувал повторно во слична улога и мегленскиот епископ Нифон) тој заминал за Регија каде што на Андроник Млади

[68] Ibid., 88; Oružane borbe makedonskog naroda od VI do XX veka. Izd. Vojnoistorijski institut — Beograd i Institut za nacionalna istorija — Skopje. Beograd 1975, str. 63; Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископија, стр. 163 и сл.

[69] Б Ферјанчиќ, Византија и Јужни Словени, стр. 93—94; История Византии, 3, стр. 123—126.

[70] История Византии, 3, стр. 125.

му ја изнел поздравната реч.[71] Немаќи друг излез, во 1325 година Андроник II дозволил внукот Андроник да биде крунисан за император и негов совладетел. Но со тоа борбата за власт во Византија не стивнала.[72]

Наскоро во граѓанската војна на Византија биле вклучени и балканските држави Србија и Бугарија. Во 1326 година императорот Андроник II испратил пратеништво на српскиот двор, кое трбало да ја обезбеди поддршката на кралот Стефан Дечански (1321—1331)[73]. Андроник Млади, пак, откако дознал за овие тајни преговори меѓу дедо му и Стефан Дечански, го нарушил мировниот договор и ја обновил борбата за власт во 1327 година. Отсега Македонија била изложена на страшни пустошења и пљачкосувања. Во јануари 1328 година Македонија ја признала власта на Андроник Млади. Неколку месеци потоа Андроник Млади влегол во Цариград и му ја зел власта на Андроник II.[74]

Веднаш по завршувањето на граѓанската војна во Византија, новиот император Андроник III (1328—1341) презел поход против Србија. Во 1329 година византиската војска се насочила кон Охрид, којшто бил држан под опсада од српската војска. По отстранувањето на опсадата на Охрид, византиската војска почнала да ги напаѓа и другите српски завладеани територии во Македонија. На страната на Андроник III дејствувал и бугарскиот цар Михаил Шишман. Како резултат на овие акции, Византија успеала да ги поврати тврдините Бучин (близу Прилеп), Дебарца (на патот Прилеп — Кичево), Железник (Демир Хисар) и Кавалар (можеби Кавадарци).[75]

Додека траеле нападите на Византијците врз српските владенија во Западна Македонија, бугарскиот цар Михаил Шишман навлегол во североисточна Македонија. На 20 јули 1330 година дошло во жестока битка кај Велбужд меѓу српската и бугарската војска. Победници излегле Србите. Во битката загинал и царот Михаил Шишман. По извојувањето на оваа значајна победа кралот Стефан Дечански се насочил против византиските позиции во Македонија и притоа ги ставил под

[71] Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, стр. 159—160.

[72] История Византии, 3, стр. 128—129.

[73] Во ова византиско пратеништво учествувавал и писателот Никифор Грегора, кој ни оставил значаен опис за преминот низ Македонија. Види: Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, I, стр. 125—126.

[74] История Византии, 3, стр. 129.

[75] Oružane borbe makedonskog naroda od VI do XX veka, str. 63.

своја власт градовите Велес, Просек, Штип, Чрешче и Добрун. Како резултат на новите српски завладувања на Балканот во Македонија почнала да доаѓа сè повеќе до израз српската хегемонија.[76]

Со уште поголем интензитет биле продолжени српските завладувања во Македонија во време на владеењето на Стефан Душан (1331—1355). Овој енергичен српски владетел, само што му го одзел престолот на својот татко Стефан Дечански со помошта на феудалната аристократија, склучил мир со бугарскиот цар Иван Александар, со што си ги олеснил продирањата во Македонија. Туркан од српските властели, кои биле жедни за нови завладувања, Душан се насочил против оние македонски градови и области, кои го претставувале срцето на Балканот.[77] Од српските извори се дознава дека „овој превисок и благочестлив крал" продирајќи во „внатрешноста на грчкото царство, заседе многу градови и потчини многу краишта од таа држава и ги придаде нивните богатства и слава кон богатствата и славата на својата татковина, кон славата на своите велможи и на својот народ".[78]

Пред да ги отпочне своите завладувања кралот Душан, византиско-српската граница се протегала на југ до Леш преку Дебар, Кичево, Велес и Штип до Велбужд. Тогаш под власта на Византија се наоѓале градовите: Валона, Берат, Кроја, Охрид, Прилеп, Струмица, Мелник и Серез.[79]

Во 1334 година кралот Душан користејќи ги разгорените внатрешни борби за власт во Византија, го преминал византискиот одбранбен појас во Македонија и Албанија и притоа зазел повеќе градови. Тогаш под српска власт паднале и градовите Охрид, Прилеп и Струмица. За тоа соопштува и еден од биографите на Душана, кога меѓу другото наведува, дека со склучениот мир „под славниот град Солун", на 26 август 1334 година, Душан официјално ги добил од императорот Ан-

---

[76] Документи, I, стр. 124; сп.: Г. Острогорски, Историја Византије, стр. 470 и сл.; Д. Ангелов, История на Византия, III, стр. 77; Oružane borbe makedonskog naroda od VI do XX veka, str. 63—64; Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископија, стр. 166.

[77] История Византии, 3, стр. 132.

[78] Љ. Лапе, Одбрани текстови..., I, стр. 170.

[79] Oružane borbe makedonskog naroda od VI do XX veka, str. 64; сп. и: Г. Острогорски, Душан и његова властела у борби са Византијом. — Зборник у част шесте стогодишњице Законика цара Стефана Душана, I. Београд 1951, стр. 79 и сл.; истиот, Историја Византије, стр. 471; Д. Ангелов, История на Византия, III, стр. 78; Б. Ферјанчић, Византија и Јужни Словени, стр. 95 и сл.

дроник III Палеолог оние градови кои ги завладеал во првите три години од своето кралување, а меѓу кои спаѓал и славниот град Охрид (градь славьныи Охридь)[80].

Некои од современите извори говорат дека кралот Душан ги освоил Охрид и околните градови со помошта и на оние крупни византиски феудалци кои поминале на српска страна. Меѓу нив бил и Никифор Исак, кој веројатно припаѓал на родот на Дуковците.[81] Заради укажаната помош нему му било доверено да го управува Охрид како вазал на Душана. Овој наместник на градот Охрид, кралот Душан го нарекол (во издадената повелба на охридскиот манастир Богородица Перивлепта меѓу 1342—1345 година)[82] „Брата кралевства ми севастократора града Охрида"; „прѣлюбовни властелинь кралевства ми севастократорь Керьсакь"[83].

Со помошта на „севастократорот на Србија кир Никифор Исак" (δεβαστοκρατωρος Σερβειας κυρ Νικηφορω το Ισακκιω) како што се дознава од еден грчки натпис од 1343 година, бил приклучен кон српската држава и албанскиот град Белград (Βελλαγραδα).[84] Од дубровнички документи, пак, се дознава дека во 1344 година севастократорот Никифор Исак (наречен во документит како Chiersachius) ги држел под своја власт и албанските градови Валона и Берат.[85] Тоа, пак, значи дека под управата на севастократорот Никифор Исак се наоѓале освен градот Охрид и околината уште и новозаземените албански градови Белград (Берат), Валона и др.[86] Под негова власт исто та-

---

80 Архиепископ Данило, Животи краљева и архиепископа српских, изд. Б. Даничић. Загреб 1866, стр. 226; Документи, I, стр. 124; сп.: Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, стр. 316 и сл.; М. Динић, За хронологију Душанових освајања византиских градова. — Зборник радова Византолошког института, 4. Београд 1956, стр. 1 и сл.; Д. Ангелов, История на Византия, III, стр. 78; Г. Острогорски, Историја Византије, стр. 471 и сл.; Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископија, стр. 166.

81 М. Динић, За хронологију Душанових освајања..., стр. 5—6; Е. П. Наумов, К вопросу о подлинности некоторых сербских грамот XIV в. — Славянское источниковедение. Москва 1965, стр. 119 и сл.; истиот, Феудалниот сепаратизам и политиката на Душан во 1342—1355 година. — Историја, IV/2. Скопје 1968, стр. 66.

82 М. Динић, За хронологију Душанових освајања..., стр. 4 и сл.; Е. П. Наумов. К вопросу о подлинности некоторых сербских грамот, стр. 119.

83 С. Новаковић, Законски споменици српских држава средњег века. Београд 1912, стр. 672—674; сп.: М. Динић, За хронологију Душанових освајања..., стр. 4—5; Е. П. Наумов, К вопросу о подлинности некоторых сербских грамот, стр. 119; Б. Ферјанчић Севастократори у Византији. — Зборник радова Виз. инст., 11. Београд 1968, стр. 188 и сл.; Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископија, стр. 170 и сл.

84 М. Динић, За хронологију Душанових освајања..., стр. 4.

85 Ibid., 2—5.

ка највероjатно бил и градот Прилеп во чиjашто близина имал свои феудални владениjа.[87] Како крупен феудалец и намесник на Охрид тоj ѝ го подарил на манастирската црква Богородица Перивлепта во Охрид, селото Родокали (Родокали).[88]

Под управата на севастократорот Никифор Исак — Керсак, Охридскиот краj останал до втората половина на 1334 или првата пловина на 1345 година, кога поради „заговорот“ или „метежот“ кралот Душан го лишил од власта и го поставил за нов управител на Охрид Бранко Младеновиќ[89], или, пак, новопрогласениот севастократор на Србиjа Оливер, чиjшто портрет, како и портретот на жена му и децата — Дамjан и Видослав, се наоѓаат во црквата Св. Софиjа во Охрид.[90] Отстранувањето од власта на управителот на Охрид, севастократорот Никифор Исак, како и тепчиjата Градислав Бориловиќ и кастрофилаксот Драгоман, кои како истакнати велможи и вазали на Душана владееле во Охридско, Прилепско, Костурско, а и во Белград (Берат), Валона и Канина, било, всушност, резултат на засилувањето на феудалниот сепаратизам во српската држава уште до прогласувањето на Душан за цар 1346 година. Највероjатно отстранувањето на нивната власт од Охрид, Прилеп, Костур и други градови, кралот Душан го доверил на своите воjводи Гргур Голубовиќ и Прељуба.[91]

Но независно од засилувањето на феудалниот сепаратизам, кралот Душан успеал да jа прошири српската држава дури до реката Места. Во 1345 година во рамките на Србиjа биле вклучени и значаjните градови Серез и Вериjа (Бер).[92]

По извоjувањето на овие големи успеси, кралот Душан, во пролетта 1346 година, jа издигнал Српската архиепископиjа во ранг на партиjаршиjа, а веднаш потоа, на 16 април истата година, во Скопjе се крунисал за цар на Србите и Грците. Крунисувањето на Душан за цар било извршено од новоизбраниот српски патриjарх Јоанакиjе во присуство на трновскиот партиjарх Симеон и охридскиот архиепископ Никола. Со овоj

---

86 Ibid., 5.

87 Е. П. Наумов, К вопросу о подлинности некоторых сербских грамот, стр. 119.

88 Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, стр. 324; сп. и Д. Ангелов, Аграрните отношения в Северна и Средна Македония, 22; Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископиjа, стр. 171.

89 Е. П. Наумов, Феудалниот сепаратизам и политиката на Душан во 1942—1955 година, стр. 66 и сл.

90 Ibid., 69 и сл.

91 Ibid., 66 и сл.

92 Документи, I, стр. 127—128: сп.: Г. Острогорски, Историjа Византиjе, стр. 486.

акт Душан ја најавил и својата претензија за искачување на цариградскиот престол и за создавање на едно силно Српско-грчко царство.[93]

За мегаломанските планови на Душан говорат и неговите различни титулирања. Така, во хрисовулот даден на манастирот Св. Ив. Претеча во Серез, Душан се титулира како Στέφανος εν χριστω τω θεω πιστος και αυτοκρατωρ Σερϑιας και Ρωμανιας[94] а во друг даден на Хилендарскиот манастир 1347 година како Стефанъ въ Христа Бога Благовѣрны царь и самодрьжьць Срьблє(мь) и Грькомь и Бльгаромь[95] Уште поинтересен е записот во еден ракопис, кој се чува во Прашката библиотека, каде што Душан е титулиран и како „македонски цар": Благочестиваго и христолюбиваго македонскаго цара Зтефана, србскаго, блъгарского, оугарскаго, далъматского, аръбанаскаго, ѹгровлахїнскаго и иньинм мьногимь прѣделомь и зеилюм самодржъсца соушаго милосїто Вишьнаго Бога..[96]

Самото пак учество на охридскиот архиепископ Никола во крунисувањето на Душан за цар, требало да значи замена на вселенскиот цариградски патријарх Калист, којшто не го дал својот благослов. Истовремено, тоа било и јавно признание на законитоста на автокефалноста на Охридската архиепископија од поглаварот на Српската црква. Тоа царот Душан и јавно го покажал на соборот во 1347 година, кој бил свикан со цел да се издигне игуменството на Лесновскиот манастир во епископство. Во хрисовулот на Душан даден по тој повод меѓу другото се наведува дека таквиот чин бил извршен со согласноста на охридскиот архиепископ Никола: И заговорихь се на збороу сь господиномь и ѿцемь светаго царства ми прєѡсвешенньимь патрїархомь кирь Їѡанникиємь и сь Архїепископомь Охридьскоимь Николомь. . .[97]

Општо земено, политиката на Душан спрема Охридската црква била: „по ѡбразоч древнихь царен грсчьскыхь и блъгарьск.ихь, иже проѣждл мене ѡбладали соуть тѣми странами".[98] Тоа е

[93] Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, стр. 320; Г. Острогорски, Историја Византије, стр. 486—487; Б. Ферјанчић, Византија и Јужни Словени, стр. 99.

[94] Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия I, стр. 318.

[95] Ibid., 318, бел. 4.

[96] Љ. Стојановић, Стари српски записи и натписи, III. Београд 1905, стр. 41; Документи, I, стр. 128 и бел. 629; сп.: Ив. Снегаров, История . . ., I, стр. 318, бел. 4.

[97] Ив. Снегаров, История . . ., I, стр. 322 и бел. 1.

[98] Ibid.. 319—320.

разбирливо, зашто и тој како и неговите претходници, настојувал преку подароци и привилегии да ги придобие високите епархиски свештеници, а и самиот архиепископ, за и тие преку своите цркви да дејствуваат во затврднувањето на неговата власт во Македонија. Тоа пак придонело во Македонија во овој период да се наголеми крупниот црковно-манастирски феудален земјопосед.[99]

Во времето на Душан особено многу нараснале владенијата на охридската црква Богородица Перивлепта. Од една грамота на Стефан Душан, издадена на оваа манастирска црква во периодот меѓу 1342 — 1345 година се дознава, дека во рамките на феудалните поседи на оваа црква влегувале следниве села и селишта: **Радобоужда, Гюнмино, Фроугови, Власи, Вешчани, Ивланица, Храштани, Соубутьць, Момлишта, Морозвижда, Ходоуништа, Строуга Враниска и Струга Мала и Родокали**[100].

Со големи подароци и привилегии Душан го удостоил и Трескавечкиот манастир кај Прилеп. Како резултат на тоа владенијата на овој манастир биле проширени дури и во Охридскиот крај. На овој манастир Душан му подарил и тројца рибари кои живееле околу Преспанското Езеро: Амортол, Добри и Сопр'ст.[101]

Слични привилегии и подароци Душан им доделил и на другите епархиски цркви на Охридската архиепископија.[102]

Политиката на Душан била поддржана и од неговите намесници. Така охридскиот управител Никифор Исак-Керсак и го подарил на црквата Богородица Перивлепта во Охрид с. Родокали.[103]

Заедно со подарените имоти под власта на црквите и манастирите поминувале истовремено и луѓето кои живееле на тие имоти. Такви зависни луѓе („црковни луѓе") добил Трескавечкиот манастир освен во Прилеп и во Полог, Охрид и Преспа.[104] Таквите „црковни луѓе" ги сочинувале одделните категории феудално-зависно население: париците, отроците, соколниците, власите и други, кои биле обременети со ред давачки и ангари. Иако во овој временски период феудализмот во Македонија го достигнал својот краен стадиум во својот развиток, сепак најдоминантна си останала натуралната рента. Основните даноци кои ги доставувале зависните луѓе во натура, биле

---

[99] Опстојно за тоа, види: Д. Ангелов, Аграрните отношения в Северна и Средна Македония през XIV век, стр. 15 и сл.

[100] С. Новаковић, Законски споменици..., стр. 672 и сл.; сп.: Д. Ангелов, Аграрните отночения в Северна и Средна Македония, стр. 22.

[101] С. Новаковић, Законски споменици..., стр. 669 и 973.

[102] Д. Ангелов, Аграрните отношения..., стр. 17 и сл.

[103] Ibid., 22.

[104] Ibid., 81.

разните десетини-житна, винска свинска, овчка, пчелна, како и разни давачки од месо, сирење и тн. Во пари се доставувале даноците димнина, волоберштина, перпер и тн. Доста разновидни и тешки биле ангариите. Некаде зависните луѓе требало да работат за црквите и манастирите дури и два дена бесплатно во неделата.[105]

За време на владеењето на Стефан Душан, во охридскиот крај осетно нараснале поседите на световните феудалци. Со најкрупни феудални поседи тогаш располагале охридските управители, чиишто владенија се простирале и надвор од Охридската област. Исто како црквите и манастирите, и тие биле удостоени со ред привилегии од српската централна власт. Големи подароци и привилегии добиле и пронијарите, кои во овој период ги имало голем број во охридскиот крај. Во Душановиот законик, издаден 1349 и дополнет 1354 година, биле регулирани и обврските на зависните луѓе спрема феудалните господари-пронијарите. На пример, во чл. 68 стои: Мѣроп'хωмь законь по в'сеи земли оу недели да работаю два дьни пронигароу. И да моу даѥ оу годишти перьпероу цареву. И заманицωмь да моу косе сѣна дьнь ѥдинь. И виноградь дьнь ѥдинь, а кто нѐ има виноградь, а ωни да моу работаю ине работе дьнь єдинь. И што оуработа мероп'хь този в се да стежи, а ино прѣзь законь ништо да мȣ се не ȣзме[106]

Покрај ангариите, кои, како што се гледа од текстот, биле доста широки по својот размер, меропсите требало да доставуваат и определен данок во пари, означен како „ царев Перпер “. Истовремено тие требало да доставуваат и продукти во натура.[107]

Политиката на Душан особено негативно се одразила врз положбата на македонското селанство. Поради засилувањето на феудалната есплоатација во рамките на црковно-манастирските и световните феудални стопанства, уште во првите години од владеењето на Душана се заострила класната борба, изразувајќи се и преку засилувањето на богомилското движење.

Охридскиот крај и во овој период се наоѓал во средиштето на богомилското движење. Во хрисовулот што го дал Стефан Душан на Трескавечкиот манстир се споменува оу Бабунѣ оу Бабоунѣ стась, стась оу Богомилѣхь[108]

Тоа пак говори дека и сега западномакедонските области широко биле зафатени од богомилството. Бидејќи тоа зафатило цели села и области, Душан морал да преземе акции

---

105 Ibid., 79 и сл.

106 Законик цара Стефана Душана, Струшки и Атонски рупокис кн. I. изд. САНУ. Београд 1975, стр. 102—103, 180—181.

107 Д. Ангелов, Аграрните отношения..., стр. 219 и сл.

108 С. Новаковић, Законски споменици..., стр. 665—669.

за неговото искоренување. За строгите мерки на Душан против еретиците-богомили, говорат и два члена 6 (10) и 42 (86) од неговиот Законик. Така, во членот 6 (10) стои: „И кој еретик ќе се најде да живее меѓу христијаните, да се опали по образот и да се протера; кој го криел, и тој да се опали“. Во чл. 42 (86) пак се вели: „И кој ќе рече бабунски збор, ако е властелин да плати 100 перпери; ако пак е себар, да плати 12 перпери и да се тепа со стапови“.[109]

Од последниот член јасно се гледа дека бабуните, т.е. богомилите биле доста активни во Западна Македонија. Исто така може да се утврди дека богомилството било прифатено и од побогатите семејства, а што говори за еден поширок отпор на потчинетиот македонски народ против наложенето српско господство.

Општо земено, Стефан Душан не успеал да воспостави цврста власт во Охрид и неговата област. Причина за тоа бил засилениот феудален сепаратизам, кој и по сменувањето на наместникот Никифор Исак бил на лице во Охридско и во другите соседни области. Во 1350 година, за време на походот на Јован Кантакузин, во Српското Царство одново се засилил сепаратизмот на феудалците. Тогаш спротивностите во феудалните врвови достигнале таква острина, што некои од велможите отворено поминале на страната на Кантакузин.[110]

Во екот на овие настани, на чело на Охрид стоел наместникот Бранко Младеновиќ. Во науката сè уште не е утврдено кога точно тој станал наместник на Охрид. Во последно време, добриот познавач на историјата на српската држава во овој период, Евгениј Наумов, се изјаснил дека Младеновиќ станал наместник на Охрид веднаш по прогласувањето на Душан за цар, или по нестаните од 1350 — 1351 година. Ваквото гледиште е доста прифатливо, зашто во прилог на тоа говорат вестите од византискиот историчар Халкондил. Имено, тој меѓу другото известува, дека „царот Степан (т.е. Душан но можеби и Урош — Е. Н.) месностите околу Охрид и таканаречената Прилепска област му ги довери на Пладик (Бранко Младеновиќ — Е. Н.) — маж од виден род“ Понатаму, Халкондил

[109] Законик цара Стефана Душана, I, стр. 184—185; Документи, I, стр. 129.

[110] Е. П. Наумов, Феудалниот сепаратизам и политиката на Душан во 1342—1355 година, стр. 71 и сл.

соопштува дека Вук Бранковиќ бил син на „Бранко (Младеновиќ) управителот на Касторија (Костур) и Охрид во Македонија“.[111]

Севастократорот Бранко Младеновиќ продолжил да владее во Охридскиот крај и по смртта на царот Душан 1355 година, кога реонот на г. Охрид се одделил како самостојна феудална држава.[112] Создавањето на оваа феудална држава се одвивало заедно со создавањето и на други такви слични феудални држави во Македонија, а кое било резултат на општото распаѓање на Српското Царство во времето на владеењето на царот Урош V (1356—1371). Во врска со тоа во својата „Историја“, Јован Кантакузин нагласил, дека само што умрел Душан „меѓу Трибалите (Србите) се распламтеа не мали расправии. Симеон, кралевиот брат, тогаш управител на Акарнанија, пројави претензии над сета држава на Трибалите кон која покажуваше повеќе интерес и во таа работа имаше голем број помошници од редовите на трибалската аристократија. И Урош, кралевиот син, војуваше против чичкото поради татковата држава“.[113]

Меѓусебната борба за власт на двајцата членови од Немањичката династија била искористена од крупните феудалци за отцепување и создавање на феудални држави. Како резултат на тоа, во Македонија се појавиле повеќе феудални владетели, меѓу кои најмоќни биле браќата Волкашин и Углеша.[114]

Царот Урош V потпирајќи се врз најверните феудалци, се обидел преку нова прераспределба на земјата и поседите („државите“) и сменувањето на непослушните наменсници, да го зачува Српското Царсво, но во тоа не успеал, зашто насекаде веќе зела широки размери феудалната анархија.[115]

## 7.

Од средината на 60-те години на XIV век, градовите и областите од северна и централна Македонија, кои дотогаш ја признавале власта на Урош V, се осамостоиле и станале јадро на новосоздаденото Прилепско Македонско Кралство, на чело

---

[111] Laonici Chalcondylae Atheiniensis Historiarum. Bonnae 1843, p. 29, 53; сп.: Е. П. Наумов, Феудалниот сепаратизам . . ., стр. 70; Р. Михаљчић, Крај Српског царства. Београд 1975, стр. 217.

[112] Е. Наумов, Јужнословенскиот епос и проблемите на српското средновековие. — Историја, IX/2, Скопје 1973, стр. 109.

[113] Joanis Cantacuzeni eximperatoris historiarum lib. IV, vol. III, Bonnae 832, p. 314; сп. Е. Наумов, Јужнословенскиот епос . . ., стр. 104.

[114] Е. Наумов, Јужнословенскиот епос . . ., стр. 104 и сл.; Р. Михаљчић, Крај Српског царства, стр. 64 и сл.

[115] Е. Наумов, Јужнословенскиот епос . . ., стр. 105 и сл.

со Волкашин.[116] До прогласувањето на Волкашин за крал 1365 година, тој го управувал Прилепскиот крај како жупан. За тоа говорат и податоците од еден требник, напишан во месец март 1350 година „за жупана Волкашина... у дане благоверннога цара нашега Стефана и сина му Уроша и царице Јелене... када се отрже Бер".[117] Во истата година кога кралот Волкашин застанал на чело на Прилепското Кралство, почнал да го управува Серското Кнежевство неговиот брат — деспотот Углеша. Исто така и другите делови на Македонија биле опфатени во ситни кнежевства и феуди. Со „превратот" на Волкашин и Углеша всушност била извојувана конечна победа на крупните феудалци над српската централна власт.[118]

Охридскот крај, кој уште од втората половина на 50-те години на XIV век бил опфатен во рамките на самостојна феудална државичка на чело со севастократорот Бранко Младеновиќ и по создавањето на Прилеското Кралство, продолжил да се управува од свои самостојни владетели — вазали на Волкашин. Таков бил кесарот Новак, кој управувал во Охридско околу 1369 година.[119] Во науката се уште не е точно утврдено кога станал владетел на Охридската феудална државичка. Пред него, околу 1361 година, во Охридско веројатно управувал кесарот Гргур Голубиќ. Овој охридски владетел во 1361 година со свои средства го изградил манастирот Заум на југозападниот брег на Охридското Езеро до селото Трпејца.[120] Дека кесарот Новак ги управувал Охридско-преспанските краишта во времето на кралот Волкашин, говорат и податоците од натписот на црквата Св. Богородица, која се наоѓа на остро-

---

[116] Ibid., 109.

[117] Љ. Ковачевић, Неколико српских натписа и белјежака. — Старане, 10 (1878), стр. 217—274; сп. Р. Михаљчић, Крај Српског царства, стр. 80; Л. Мирковић, Мрњачевићи. — Старинар, III (1925), стр. 12; Е Наумов, Свидетелъства исторических источников о Марке Кралевиче. — Прилози, IX/2, изд. на МАНУ. Скопје 1979, стр. 28.

[118] Е. Наумов, Јужнословенскиот епос..., стр. 109; сп. и: Г. Острогорски, Серска област после Душанове смрти. — Сабрана дела, књ. 4. Београд 1970, стр. 439 и сл.; Р. Михаљчић, Крај Српског царства, стр. 84 и сл.

[119] Е. Наумов, Јужнословенскиот епос..., стр. 109; истиот, Свидетелъства исторических источников о Марку Кралевиче, стр. 40; сп. и К. Јиречек, Историја Срба, I. Београд 1952, стр. 248; Ц. Грозданов, Охридското ѕидно сликарство од XIV век. Охрид 1980, стр. 17.

[120] За тоа говори и натписот над влезната врата на манастирската црква: 'Ανηγερθη εκ βαθρων ο θετος και πανσεπτοS ναος της υπεραγιας Θεοτοκγ της ΖαΧλουμηστισας δι' 'εζοδγ τγ πανευτυχεστατγ καιοαρος Γουργουρα και κτητωρος 'ανιστοριθη δε παρα τγ πανιεροτατγ επισκοπγ Δεαβολαιως και πρωτοθρονγ κυρ Γρηγοριγ και κτητωρος επι της βασιλειας Στερανγ τγ Ουροσιοι μηνι αυγγστω κε ςωιθ ινδ ιδ (Й Иванов, Български старини из Македония, стр. 55); сп. и: Ив. Снегаров ,История на Охридската архиепископия, I, стр. 329 и бел. 2; Б. Ра-

вот Мал Град, (Преспанксо). На западниот ѕид, околу луковите на ктиторот Новак и членовите на неговото семејство, се наоѓа грчки натпис, во кој покрај себлагочестливиот кесер Новак ( Πανευτυχεστατος κεσαρης ο Νοβακος) се спомнуваат и неговата жена Калаја, ќерка му Марија и синот Амирал. Во истата црква, на внатрешниот десен ѕид, пак, се вели дека овој божји хрем" на Богородица бил „од основа" изграден „и се испиша од господарот, себлагочестивиот кесер Новак, при игуменството на монахот Јован, при владеењето на превисокиот крал Волкашин и при архиерејството на светејшиот ахриепископ на Прва Јустинијана ... Година 6877 (1369)".[121]

Овој натпис од преспанската црква Св. Богородица јасно потврдува дека кесарот Новак, како охридско-преспански управител, бил во вазални односи со кралот Волкашин. Тоа е и разбирливо, зашто во овој период Прилепското Кралство на Волкашин доста се проширило и ги опфатило покрај Прилеп уште и градовите Битола, Преспа, Охрид, Скопје, Призрен, а веројатно и Приштина, Ново Брдо и др.[122]

По убиството на кралот Волкашин и брат му Углеша во битката со Турците на реката Марица 1371 година, на чело на Прилепското Кралство дошол синот му Марко (1371—1395). Кога дошол на власт Крали Марко веќе имал доста искуство во водењето на државните работи, зашто уште од 60-те години обавувал важни државни мисии.[123] Во првите години на своето кралување, тој успеал да ги зачува границите на Прилепското Кралство. Тогаш, под негова власт покрај Прилеп, биле и Поречката област, Охрид, Дебар, дури и Скопје и Призрен.[124] Според Мавро Орбини, по смртта на Волкашин, од Прилепското кралство биле оттргнати градовите Приштина и Ново Брдо од страна на кнезот Лазар. Во 1372 година Гргур Балвиќ го зел и Призрен. Околу 1377 година Вук Бранковиќ го

---

дојичић, Ко је подинао манастир Заум? — Историјски преглед, I, Београд 1954, стр. 44 и сл.; Б. Ферјанчић, Севастократори и кесари у Српском царству. — Зборник Филозофског факултета, XI/1. Београд 1970, стр. 263; Е. Наумов, Јужнословенскиот епос..., стр. 109; истиот, Феудалниот сепаратизам и политиката на Душан, стр. 71; Р. Михаљчић, Крај Српског царства, стр. 79; Ц Грозданов, Охридското ѕидно сликарство од XIV век, стр. 16 и сл.

121 Й. Иванов, Български стрини из Македония, стр. 59.

122 Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, стр. 330; Е. Наумов, Јужнословенскиот епос..., стр. 109; Р. Михаљчић, Крај Српског царства, стр. 62, 102—103 и сл.

123 Поширoко за тоа, види: Е. Наумов, Свидетелъства исторических источников о Марке Кралевиче, стр. 26 и сл.; сп. и С. Бирковић, Поклад краља Вукашина. — Зборник Филозофског факултета, XIV/1 (Споменица Фрање Баришића). Београд 1979, стр. 154 и сл.

124 Е. Наумов, Јужнословенскиот епос..., стр. 134.

оттргнал и Скопје. Со тоа Прилепското Кралство на Крали Марко значително било стеснато кон крајот на 70-те години на XIV век.[125]

Во екот на овие настани на чело на Охрид стоел жупанинот Андреј Гропа. Кога точно овој по м(илости Божиеи) в(еликь) ж(ȣпаnь) Гропа г(осподи)нь О(хридȣ)[126] дошол на чело на Охридското Кнежевство,[127] се уште не е утврдено во науката. Секако во текот на 70-те години на XIV век тој бил управител на Охрид, зашто во време на неговото жупанство, во 1378 година била изградена црквата Св. Климент во Охрид. За тоа говори грчкиот натпис што се наоѓа во оваа црква над внатрешната јужна врата: „Се подигна и се испиша овој божји храм . . ., со содејството, разходот и трудот на богочестивиот свештеник Стефан пророкот, при владеењето над светлиот овој и богоспасителен град Ахрида од себлагороднејшиот наш господар, велик жупан кир Андреја Гропа (μεγαλγ ζουπαγ κυρ Ανδρεα τγ Γ ωπα) . . ., година 6886 (1378)“[128]

Дека Андреј Гропа бил жупан во Охрид кон крајот на 70-те години, говори и надгробниот натпис од 1379 година што се наоѓа во црквата Св. Богородица во Охрид:
Прѣстави се б҃жии ѹстоꙗ Раꙗковикь по гоусломь Ѹгдрьчикь, И сȣродникь кралꙗ Марка зеть жȣпана Грѡпе лѣтѡ, ѕ ѿ п н (6888) мс҃ца октѡмврıа. ї. інд. г҃ .[129]

Во науката сè уште останала нерасветлена дејноста на Остоја Рајковиќ во Охрид. Во последно време, Е. Наумов, анализирајќи го изразот „по гоусломь Ѹгарьчикь“, кој според него значи „син на Унгарец“, дошол до заклучок дека преку ова лице, кое било во тесни родбински врски со Марко и Гропа, биле воспоставени во овој период врски меѓу Унгарија и Крали Марко.[130]

---

[125] Вид.: Р. Михаљчић, Крај Српског царства, стр. 168—170; Е. Наумов, Јужнословенскиот епос . . ., стр. 110; Ц. Грозданов, Охридското ѕидно сликарство, стр. 19 и сл.

[126] Б. Сарија, Кичевска остава. — Старинар, III, Београд 1925, стр. 89; В. Битракова — Грозданова, Прилог кон Охридската ковница од XIV век. — Историја, VII/1, Скопје 1971, стр. 203; Д. Размоска, Средновековна остава откриена во Охрид. — Историја, XVI/1, Скопје 1980, стр. 219 и сл.; сп. и Р. Михаљчић, Крај Српског царства, стр. 170; Ц. Грозданов, Охридското ѕидно сликарство, стр. 20, 93, 151—152, 154.

[127] Вид.: Е. Наумов, Јужнословенскиот епос . . ., стр. 110.

[128] Й. Иванов, Български старини из Македония, стр. 42.

[129] Ibid., 39.

[130] Е. Наумов, Јужнословенскиот епос . . ., стр. 142. За разлика од Наумов, Ц. Грозданов се искажал во прилог на гледиштето на К. Иречек, дека Остоја Рајковић Угарчић потекнувал од племето Угарчиќи, чиишто семејства од Требиње и Љубомир се споменуваат во изворите од XV век (К. Јиречек, Историја Срба, I, стр. 147, бел. 15; Ц. Грозданов, Охридското ѕидно сликарство, стр. 154).

Сè уште нерешено останало во науката и прашањето околу односите на Охридското Кнежевство на жупанот Андреј Гропа, со Прилепското Кралство на Марко. Врз база на вестите од хрониката на албанскиот деспот Јован Мусаки, дека Андреј II Мусаки, господарот на Берат и Корча, заедно со своите зетови Балша Балшиќ и Андреј Гропа го одзеле од Крали Марко, Костур,[131] некои научници се изјасниле дека по 1371 година жупанот Андреј Гропа се осамостоил во Охрид и околината.[132]

Дека дошло до прекинување на вазалните односи на жупанот Андреј Гропа со Крали Марко, говорат и натписите од сочуваните монети кои ги ковал жупанот Андреј Гропа во Охрид. Во една од нив дословно се вели: по милости Бога жоупань Гропа господинь Охрида” .[133] Со оглед на тоа дека монетите на Гропа биле ковани во осмата деценија на XIV век[134] би можело да се заклучи дека жупанот Андреј Гропа, наполно самостоен господар на Охрид станал кон крајот на 70-те години на XIV век. Во 80-те и 90-те години на XIV век кога голем број ситни феудални кнежевства настанале во Србија, Македонија и Зета, во Скопје продолжил да управува Вук Бранковиќ, во Прилеп Крали Марко и во Охрид жупанот Андреј Гропа.[135]

Таква феудална расцепканост била на лице во Македонија кога нејзините градови и села биле изложени на зачестени турски опустошувања, пљачкосувања и завладувања. Уште во текот на 80-те години на XIV век, под турска власт паднале градовите Серез, Штип, Велес, Прилеп, Битола, Солун (привремено 1387 година) и др.[136]

---

[131] Вид.: Е. Наумов, Јужнословенскиот епос . . ., стр. 139 и сл.

[132] Ц. Грозданов иако се изјаснил дека Андреј Гропа владеел како жупан во Охрид „околу 1378 г.“, допуштил и можност, дека „по 1371 г. Гропа можел, едно време, да истапува самостојно, како охридски господар“ (Ц. Грозданов, Охридското ѕидно сликарство, стр. 20) Е. Наумов, пак, откако се изјаснил, дека „мошне рано се одделил како самостојна феудална држава реонот на г. Охрид“ се определил дека „жупанот Андреј Гропа стоел на нејзино чело околу 1378—1379 г.“ (Е. Наумов, Јужнословенскиот епос . . ., стр. 109; истиот, Феудалниот сепаратизам и политиката на Душан, стр. 70—71).

[133] В. Битракова — Грозданова, Прилог кон Охридската ковница од XIV век, стр. 201—205; Р. Михаљчић, Крај Српског царства, стр. 170—171.

[134] В. Битракова — Грозданова, Прилог . . ., стр. 204; Д. Размоска, Средновековна остава . . ., стр. 219.

[135] Е. Наумов, Јужнословенскиот епос . . ., стр. 110.

[136] Ibid., 116, 143; Г. Острогорски, Серска област после Душанове смрти, стр. 614; Oružane borbe makedonskog naroda od VI do XX veka, стр. 77; А. Стојановски, Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век. Скопје 1981, стр. 5 и сл.

Кога точно паднал Охрид под турска власт сè уште не е со сигурни изворни податоци утврдено во науката. Исто така нејасно е кога биле освоени од Турците-Османлии и градовите Воден, Костур и други соседни градови. Врз база на расположивите изворни податоци во науката, сè повеќе се наложува гледиштето дека Охрид бил освоен во 1385 година, кога турските војски продреле и во Албанија.[137] Најверојатно Охрид паднал под турска власт во периодот меѓу 1385 и 1392 година, кога и градот Скопје бил освоен од турските војски.[138]

Во првите години на турското владеење некои од македонските феудални владетели продолжиле да ги управуваат своите територии како турски вазали. По Косовската битка во 1389 година и Крали Марко бил натеран да учествува како турски вазал во воените походи на султанот Бајазид I во Мала Азија.[139] Дури по смртта на Крали Марко и Константин Дејановиќ, 1395 година, биле ликвидирани нивните феудални државички. Тогаш најверојатно престанала да постои и Охридската феудална државичка ,која исто така неколку години егзистирала под врховната власт на султанот Бајазид I.[140]

---

[137] Види: А. Стојановски, Градовите на Македонија, стр. 16—17 и бел. 49.

[138] Дека Скопје било освоено од Турците кон самиот крај на 1391 или во почетокот на 1392 година, види: Д. Бојниħ — Лукач, Како Турците го презеле Скопје (1391). — Зборник на Музејот на град Скопје, II—III. Скопје 1965/66, стр. 5—7; А. Стојановски, Градовите на Македонија, стр. 18.

[139] К. Јиречек, Историја Срба, I, стр. 315; Е. Наумов, Јужнословенскиот епос..., стр. 140—141; Г. Острогорски, Историја Византије, стр. 510; А. Стојановски, Градовите на Македонија, стр. 18.

[140] Е. Наумов, Јужнословенскиот епос..., стр. 111.

Branko PANOV

## OHRID AND THE OHRID DISTRICT IN XIII AND XIV CENTURY

Summary

On the base of the sources and data we have at our disposal, here in this paper we have made an attempt to show the history of Ohrid and the Ohrid District during the period from the beginning of XIII to the end of XIV century. This is a period when the Ohrid District, like the other Macedonian regions, has been included shortly or longer within the frameworks of the independent feudal principalities of Dobromir Hriz and Strez, and also in the newly established Latin Empire of 1204, Bulgarian, Epyrian and Nicheyian states, the renewed Byzantium, Serbian state, as well as the independent states established in Macedonia after the failure of the Serbian feudal state directly before the Turkish rule.